Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 декември 2020 година

Скопје, декември 2020 година

# З А П И С Н И К
## од Триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 декември 2020 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 13:20 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 26-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 декември 2020 година

- Усвојување на Записникот од 30-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 декември 2020 година

- Усвојување на Записникот од 33-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 декември 2020 година

- Усвојување на Записникот од 34-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 декември 2020 година

1. Записник од Седумнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 28 декември 2020 година

2. Информација за давање согласност за склучување Анекс на Договорот за јавно приватно партнерство за јавна работа за изградба на две мали хидроелектрани на каналот за наводнување со кој управува Водостопанство Тиквеш бр.05-750/52 од 6.11.2015 година и бр.03-1 од 6.11.2015 година, склучен помеѓу АД „Водостопанство на Република Северна Македонија“ – Скопје („Водостопанство Тиквеш – Кавадарци“) и „Монтинг Енергетика Тиквеш“, ДОО Скопје, за продолжување на рокот за изградба на МХЦ „Тиквеш 1“, заклучно со 6.1.2023 година

3. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за

проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на две фотонапонски електроцентрали

4. Информација за донесување на Одлука за намалување на основната главнина на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје, Одлука за изменување на Изјавата за основање и Одлука за покривање на загубите на „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје за 2018 година, со предлог-одлуки

5. Информација со предлог - одлуки за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај и Финансискиот извештај за работата на Трговско друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје за 2019 година и Предлог одлука за поведување на постапка за надомест на материјална штета, со Извештај од независен ревизор

6. Информација со Правилник за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст, со Предлог – одлука

7. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2020 година

8. Информација за согласност за продажба на акциите сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот, со предлог-одлуки

9. Информација со предлог за донесување на одлука за предвидување на средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, кои ќе бидат наменети за реализација на активности поврзани со уредување и чистење на плажи на крајбрежјето на Преспанското Езеро

10. Известување од Општина Тетово за објавен јавен повик за субвенционирање на граѓаните на Општина Тетово за навака и монтажа на инвертер клима уреди за 2020 година за 1500 домаќинства

11. Предлог на закон за буџети

12. Предлог на закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор

13. Предлог на закон за дополнување на Законот за јавните набавки, по скратена постапка

14. Стратегија за реформа на даночниот систем (2021-2025)

15. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за критериумите, начинот на давање и примање на дарови, пријавување на даровите, начинот на процена на даровите, начинот на доплата за личен дар, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар

16. Предлог -одлука за утврдување на максималниот износ на нето - задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2021 година

17. Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2021 година

18. Предлог - одлука за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност

19. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

20. Информација за подготвителниот состанок со Делегацијата на Европската Унија за Програмата на економски реформи 2021-2023

21. Информација за доставено Барање бр.11-8988/1 од 22.12.2020 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Експорт-Импорт банка на Кина поради неможност за отплата на доспеаните обврски

22. Информација за Барањето за склучување на Анекс кон Договорот за концесија на ТАВ Македонија
23. Информнација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стовариште КО Долно Седларце, Општина Брвеница, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Е2-комунална супратструктура (станица за технички преглед со пратечки содржини) КО Куманово, Општина Куманово, со Предлог-одлука

25. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, корпорација и трговија со земјоделски производи „Врв - Златен лист-Агрохемикал“ ДООЕЛ Неготино, со седиште на ул. „Киро Крстев“ бр.55, Неготино, со Предлог-одлука

26. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров

27. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини и Тендерска документација за спроведување на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини

28. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (моторни возила)

29. Предлог - одлука за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија наменето за изградба на објекти на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

30. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

31. Предлог одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (на АД „Електрани на Северна Македонија")

32. Информација за потребата од ослободување од вишокот движни ствари - службени кучиња на Министерството за одбрана

33. Информација за одржување на платформата за електронско давање на услуги (eSDP)

34. Предлог - одлука за определување на објектите и зоните од значење на одбраната и зоните во кои се ограничува слободата на движењето, престојот или населувањето
35. Предлог-одлука за отворање Почесен конзулат на Република Унгарија во Република Северна Македонија со седиште во Штип

36. Предлог-одлука за давање согласност за именување почесен конзул на Република Унгарија во Република Северна Македонија со седиште во Штип

37. Предлог-одлука за отворање на Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Косово со седиште во Гњилане

38. Предлог-решение за именување на почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Косово со седиште во Гњилане

39. Барање на Мазен Хаммоур, за прием на државјанство во Република Северна Македонија по член 11 од Закон за државјанство

40. Информација за усвојување на ревидирана единствена листа на проекти усогласена со Економскиот и инвестициски план на Европската Унија за Западниот Балкан

41. Информација за одржаниот Шеснаесетти состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 17 март 2020 година, преку видео конференција

42. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот јули-септември 2020 година

43. Предлог-програма за изменување на Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2020 година

44. Предлог-програма за изменување на Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2020 година

45. Предлог-програма за изменување на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2020 година

46. Информација за учество на Република Северна Македонија во Транснационална програма на Европската Унија ЕУРО-МЕД 2021-2027

47. Информација за спојување на здравствени домови со општи болници во општините каде е потребно - Прилеп

48. Информација за прогресот на имплементација на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за Интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции бр.17-461/14 од 16.5.2019 година и утврдување на обврските на Јавните здравствени установи за целосна реализација на договорот

49. Предлог-решение за назначување на претседател, заменик - претседател, членови, заменици - членови и секретари на Координативното тело за изготвување и следење на имплементација на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам

50. Предлог на закон за дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност

51. Кадровски прашања

52. Прашања и предлози

53. Информација за финансиските резултати и извештаи за Тутунски комбинат АД Прилеп за временски период од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година, од 1 јануари 2020 до 30 јуни 2020 година, од 1 јануари 2020 година до 30 септември 2020 година и очекувани финансиски резултати за деловната 2020 година, Информација за реализација на откуп и продажба на тутун од реколта 2019 година, Информација за план за реализација на откуп на тутун од реколта 2020 година и План за откуп на тутун од реколта 2021 година и Извештај за работењето на Погон Цигари - Тутунски комбинат АД Прилеп во период јануари-октомври 2020 година

54. Извештај за финансиското работење на АД „МИА“- Скопје, за периодот од 1 јули 2020-30 септември 2020 година

55. Извештај за финансиското работење на АД „МИА“ - Скопје, за периодот од 1 април 2020-30 јуни 2020 година

56. Финансиски извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за период од 1 април 2020 година до 30 јуни 2020 година

57. Финансиски извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за период од 1 јули 2020 година до 30 септември 2020 година

58. Информација со акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година во ЈЗУ Клиника за неврохирургија - Скопје

59. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за ноември 2020 година

60. Информација за примена на Законот за правда за децата во постапувањето на овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2020 година

61. Предлог–програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година

62. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2020 година

63. Предлог-програма за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2020 година

64. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2020 година

65. Информација за спроведени Јавни повици за издавање грантови за центри за странски јазици и едукативни центри за деца

66. Барање на Цристопхер Хенсхавв за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

67. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници во основните училишта кои можат да се стекнат со звања наставник-ментор, за фискалната 2021 година

68. Предлог-одлука за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на државниот студентски дом „Никола Карев“ – Охрид

69. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година

70. Информација за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година

71. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори поради потребата од именување на арбитер во ад хок арбитражната постапка поведена од Gokul das Binani и Madhu Binani против Република Северна Македонија на 3.11.2020 година

72. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за извршени градежни работи од Договорот за Јавно приватно партнерство бр.03-68/22 од 5.4.2013 година, со ОДУ бр.69/13 од 5.4.2013 година

73. Информација за решавање на проблемот на исплата на додатокот на степенот на кариера на административни службеници при унапредување

74. Информација за Вториот годишен извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година

75. Информација за прераспределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за развој на ТИРЗ Гевгелија

76. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со предлог заклучоци во насока на зачувување на работни места во индустриските зони

77. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2020 година

78. Предлог - програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2020 година

79. Предлог – одлука за финансиска поддршка самостојни уметници

80. Предлог - одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

*

*    *

Владата на Република Северна Македонија, без забелешки ги усвои Записникот од 26-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 декември 2020 година, Записникот од 30-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 декември 2020 година, Записникот од 33-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 декември 2020 година и Записникот од 34-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 декември 2020 година

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Седумнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 28 декември 2020 година.

**Точка 2**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност за склучување Анекс на Договорот за јавно приватно партнерство за јавна работа за изградба на две мали хидроелектрани на каналот за наводнување со кој управува Водостопанство Тиквеш бр. 05-750/52 од 6.11.2015 година и бр.03-1 од 6.11.2015 година, склучен помеѓу АД „Водостопанство на Република Северна Македонија" – Скопје („Водостопанство Тиквеш – Кавадарци") и „Монтинг Енергетика Тиквеш" ДОО Скопје, за продолжување на рокот за изградба на МХЦ Тиквеш 1, заклучно со 6.1.2023 година, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 5.1.2021 година.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на две фотонапонски електроцентрали, со заклучок предлагачот текстот на Одлуката да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за намалување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје, Одлука за изменување на Изјавата за основање и Одлука за покривање на загубите на „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје за 2018 година, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за намалувањето на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје (нов текст), во предложениот текст;

2. Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје (нов текст), во предложениот текст;

3. Ја донесе Одлуката за покривање на загубите на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2018 година (нов текст), во предложениот текст и

4. Даде Изјава за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје (најнов текст).

Истовремено, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата со предлог-одлуки за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај и Финансискиот извештај за работата на Трговско друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје за 2019 година и Предлог- одлука за поведување на постапка за надомест на материјална штета, со Извештај од независен ревизор и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата со предлог-одлуки за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај и Финансискиот извештај за работата на Трговско друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2019 година и Предлог-одлука за поведување на постапка за надомест на материјална штета.

2. Ја донесе Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2019 година (нов текст), во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на Трговското друштво „Нафтовод“, ДООЕЛ Скопје за 2019 година (нов текст), во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за усвојување на Финансискиот извештај на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје за 2019 година (нов текст), во предложениот текст.

5. Ја донесе Одлуката за поведување на постапка за надомест на штета (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 6

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со Правилник за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст, со Предлог- одлука, за седницата на Владата што ќе се одржи на 5 јануари 2021 година, поради потребата текстот на Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст да се дополни во член 29, односно во делот на доставувањето на извештаите и потребата истите покрај до Фондот за иновации и

технолошки развој да се доставуваат и до Владата на Република Северна Македонија, во насока на избегнување на судир на интереси.

**Точка 7**

Владата условно ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2020 година, доколку предлагачот текстот на Програмата го усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за согласност за продажба на акциите сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на „ТТК Банка“ АД Скопје, во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот, во предложениот текст,

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на „Попова Кула“ АД Демир Капија, во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот, во предложениот текст,

3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на „Макстил“ АД Скопје, во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот, во предложениот текст,

4. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на „Македонски Телеком“ АД Скопје, во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот, во предложениот текст,

5. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на „Халкбанк“ АД Скопје, во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот, во предложениот текст,

6. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на „Уготур“ АД Скопје, во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот, во предложениот текст,

7. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на „Тутунски Комбинат“ АД Прилеп, во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот во предложениот текст,

8. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на РЖ „Услуги“ АД Скопје во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот, во предложениот текст,

9. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на „Гранит“ АД Скопје во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот, во предложениот текст,

10. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на „Арцелормиттал“ Скопје (ХРМ) АД Скопје во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот, во предложениот текст,

-со заклучок, во правниот основ на Одлуките, по членот 33 да се додаде и „став 3“.

Истовремено, Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на Славија АД Скопје, во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот.

**Точка 9**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата со предлог за донесување на одлука за предвидување на средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, кои ќе бидат наменети за реализација на активности поврзани со уредување и чистење на плажи на крајбрежјето на Преспанското Езеро.

**Точка 10**

Владата го разгледа Известувањето од Општина Тетово за објавен јавен повик за субвенционирање на граѓаните на Општина Тетово за набавка и монтажа на инвертер клима уреди за 2020 година за 1500 домаќинства, со Предлог - одлука и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година.

Истовремено, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за буџети за наредната седница на Владата поради потребата текстот на истиот да биде усогласен со Министерството за одбрана, Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство.
Истовремено, Владата заклучи сите министерства кои имаат сугестии и предлози по текстот на Предлогот на закон за буџети, најдоцна до 4 јануари 2021 година да ги достават до Министерството за финансии.

**Точка 12**

Владата го разгледа Предлогот на закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор (нов текст) и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии да изврши усогласување на текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Трајко Спасовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

Истовремено, Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог - законот за изменување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, што е доставен до Собранието со наше писмо бр.44-8909/1 од 27 септември 2020 година.

**Точка 13**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за јавните набавки, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Борче Хаџиев, директор на Бирото за јавни набавки.

**Точка 14**

Владата ја разгледа и ја усвои Стратегијата за реформа на даночниот систем (2021-2025).

**Точка 15**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за критериумите, начинот на давање и примање на дарови, пријавување на даровите, начинот на процена на даровите, начинот на доплата за личен дар, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2021 година(*), во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност, во предложениот текст .

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за подготвителниот состанок со Делегацијата на Европската Унија за Програмата на економски реформи 2021-2023, и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања координација со економските ресори и инвестиции, министерот за економија, министерот за информатичко општество и администрација, министерот за транспорт и врски, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, министерот за образование и наука, Министерот за труд и социјална политика, министерот за здравство, а се препорачува на директорот на Фондот за иновации и технолошки развој и директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да учествуваат на состанокот со Делегацијата на Европската Унија за нацрт Програмата на економски реформи 2021 – 2023 во средината на јануари 2021 година.

2. Се задолжуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања координација со економските ресори и инвестиции, министерот за економија, министерот за информатичко општество и администрација, министерот за транспорт и врски, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, министерот за образование и наука, министерот за труд и социјална политика, министерот за здравство, а се препорачува на директорот на Фондот за иновации и технолошки развој и директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да учествуваат на оценска мисија на Европската комисија за Програмата на економски реформи 2021-2023 која ќе се одржи во средината на февруари 2021 година.

3. Се задолжуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања координација со економските ресори и инвестиции, министерот за економија, министерот за информатичко општество и администрација, министерот за транспорт и врски, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, министерот за образование и наука, министерот за

труд и социјална политика, министерот за здравство, а се препорачува на директорот на Фондот за иновации и технолошки развој и директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да учествуваат на состанокот за разгледување начинот на спроведување на заедничките заклучоци од Економско-финансискиот дијалог со Европската Унија кои ќе бидат усвоени во мај 2021 година.

Истовремено, да се има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно во предложената Информација да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 21**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за доставено Барање бр.11-8988/1 од 22.12.2020 година, за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Експорт-Импорт банка на Кина поради неможност за отплата на доспеаните обврски, со заклучок, Министерството за финансии да склучи Договори за регулирање на доспеаниот долг на Јавно претпријатие за државни патишта Скопје кон Министерството за финансии по активиранаата државна гаранција односно по платената рата на 21.7.2020 година по двата Договори за обезбедување на државна гаранција бр.14-10754/2 од 24.6.2014 година и бр.14-10753/2 од 24.6.2014 година, за исполнување на обврските по Договорите за заем за „Проектот за изградба на автопат - делница Миладиновци - Штип" и „Проектот за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид" склучени помеѓу Експорт - Импорт банка на Кина и Јавно претпријатие за државни патишта Скопје, со рок на враќање од 7 години (84 месечни рати), без пресметка на редовна камата, со грејс период од една година, со што отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1.1.2022 година, на износ и под услови како што е утврдено во оваа информација, со состојба на долг на денот на склучување на Договорот.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за Барањето за склучување на Анекс кон Договорот за концесија на ТАВ Македонија, со текст на Предлог на Анекс број 6 на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и „ТАВ Македонија" ДООЕЛ Мралино Илинден како инвеститор и „ТАВ Хавалиманлари Холдинг A.S." како референтен оператор и условно ја усвои доколку Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии достават позитивно мислење по истата, со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Анекс број 6 на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и „ТАВ Македонија", ДООЕЛ Мралино Илинден како инвеститор и „ТАВ Хавалиманлари Холдинг A.S." како референтен оператор.

2. Се овластува Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Анекс број 6 на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и „ТАВ

Македонија“ ДООЕЛ Мралино Илинден како инвеститор и „ТАВ Хавалиманлари Холдинг A.S.“ како референтен оператор.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стовариште КО Долно Седларце, Општина Брвеница со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стовариште КО Долно Седларце, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно во предложената Информација да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Е2-комунална супратструктура (станица за технички преглед со пратечки содржини) КО Куманово, Општина Куманово, со Предлог одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Е2-комунална супратструктура (станица за технички преглед со пратечки содржини ) КО Куманово, Општина Куманово, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 25

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, корпорација и трговија со земјоделски производи „Врв-Златен лист-Агрохемикал“ ДООЕЛ Неготино, со седиште на ул. „Киро Крстев“ бр.55, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба (со Друштво за производство, корпорација и трговија со земјоделски производи „Врв - Златен лист-Агрохемикал“ ДООЕЛ Неготино, со седиште на ул. „Киро Крстев“ бр .55, Неготино), во предложениот текст.

## Точка 26

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бела Вода и Чаршија" Општина Ѓорче Петров, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 5.1.2021 година.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини и Тендерска документација за спроведување на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, со нов текст на тендерската документација и јавниот повик, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за спроведување на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, односно потребно е предлагачот да изготви и достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем), во планот за реализација потребно е да биде содржан начинот на реализација на Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини и Тендерска документација за спроведување на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини.

## Точка 28

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (моторни возила), во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, односно потребно е во предложената Одлука да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

## Точка 29

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од ослободување од вишокот движни ствари - службени кучиња на Министерството за одбрана и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат органите на државната управа, а се укажува на другите државни органи и се препорачува на правните лица основани од државата и единиците на локална самоуправа да се изјаснат во рок од седум дена, доколку имаат потреба да изјават интерес за преземање на движните ствари - службени кучиња.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, по добиените барања за преземање на движните ствари - службени кучиња, во рок од седум дена да изработи и до Владата да достави предлог – одлуки.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на платформата за електронско давање на услуги (eSDP), ја усвои Информацијата и даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2021 и 2022 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за набавка на Одржување на платформата за електронско давање на услуги (eSDP) , во вкупна вредност од 9.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 4.500.000,00 денари во 2021 година
- 4.500.000,00 денари во 2022 година

Истовремено, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република  Северна Македонија.

## Точка 34

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за определување на објектите и зоните од значење на одбраната и зоните во кои се ограничува слободата на движењето, престојот или населувањето, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, односно потребно е во предложената Одлука да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Унгарија во Република Северна Македонија со седиште во Штип, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за именување почесен конзул на Република Унгарија во Република Северна Македонија со седиште во Штип, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Косово со седиште во Гњилане (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го донесе новиот текст на Решението за именување на почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Косово со седиште во Гњилане, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го разгледа Барањето на Мазен Хаммоур за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид позитивното Мислење на Министерството за економија.

**Точка 40**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за усвојување на ревидирана единствена листа на проекти усогласена со Економскиот и инвестициски план на Европската Унија за Западниот Балкан, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 5.1.2021 година, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот 16-ти состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 17 март 2020 година преку видео конференција, со прилози и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави до Владата Предлог на закон за инспекција во животната средина, усогласен со законодавството на Европската Унија за инспекциски надзор за животна средина, најдоцна до 30 јуни 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во Предлогот на закон за животна средина да ја транспонира Директивата 2014/52/ЕУ во контекст на оцената за влијанието врз животната средина и да го достави до Владата, најдоцна до 30 декември 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање - Државниот инспекторат за животна средина, во соработка со локалните инспекции за животна средина, да подготви и предложи до Владата, план за зајакнување на инспекцијата на локално и централно ниво со потребни финансиски ресурси во рок од шест месеци од донесувањето на Законот за инспекција во животната средина.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со единиците на локалната самоуправа од Североисточниот и Источниот регион, да ги воспостават и стават во функција регионалните структури за управување со отпад најдоцна до 15 јануари 2021 година.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви известување за годишните цели за посебните текови на отпад и нивно исполнување и да го достави до Европската комисија на англиски јазик преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 15 јануари 2021 година.

6. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви национална стратегија за управување со тиња, најдоцна до 31 декември 2023 година.

7. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави до Владата Предлог на закон за заштита на природата, најдоцна до 30 јуни 2021 година.

8. Се задолжува Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, во соработка со Општина Охрид, Општина Струга и Општина Дебрца, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура и Министерството за транспорт и врски, да достават пишан материјал на англиски јазик за Одлуката на општина Охрид за укинување на мораториумот за постапките во врска со легализација на нелегално изградените згради и спроведување на деталните урбанистички планови и усогласеност на решението со Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, со Акциски план (2020-2029) до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 15 јануари 2021 година.

9. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави до Владата Предлог на закон за индустриски емисии, усогласен со Директивата за индустриски емисии 2010/75/ЕУ, најдоцна до 30 јуни 2021 година.

10. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост (РЕК Битола и РЕК Осломеј) во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за финансии да подготват финансиска рамка за спроведување на мерките за намалување на сулфур диоксид, азотни оксиди и прашина, со фискални импликации и временска динамика, со цел да се постигнат плафоните на емисии согласно со ревидираниот Национален план за намалување на емисии, и да ги достават до Владата, најдоцна до 1 јуни 2021 година.

11. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да потпише договор за изградба на пречистителната станица за отпадни води во Скопје најдоцна до 31 мај 2022 година.

12. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви известување за функционирањето на постојните пречистителни станици за отпадни води и за причините поради кои системот не работи правилно, на англиски јазик и да го достави до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 15 јануари 2021 година.

13. Се задолжува Министерството за одбрана во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи, да подготват пишана информација за напредокот во спроведувањето на реформите за цивилна заштита на сите нивоа согласно Оценската мисија за цивилна заштита од 2018 година, на англиски јазик и да ја достави до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 15 јануари 2021 година.

14. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за внатрешни работи и Дирекцијата за заштита и спасување да реализираат поврзување со Заедничкиот комуникациски и информациски систем за итни случаи, најдоцна до 15 јануари 2021 година.

15. Се задолжува Центарот за управување и кризи во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација да воспостави број за итни случаи 112, најдоцна до 31 декември 2021 година.

16. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување во соработка со Заедницата за единиците на локалната самоуправа да подготват програма за задолжителна обука за севкупниот персонал кој работи на територијална, противпожарна и спасувачка/цивилна заштита, најдоцна до 10 март 2021 година.

17. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави до Владата, долгорочна стратегија за клима, најдоцна до 31 декември 2021 година.

18. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави до Владата, Предлог на закон за климатска акција, најдоцна до 31 декември 2021 година.

19. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да започне со подготвителни активности за изработка на национален план за заштита на амбиенталниот воздух за 2022-2026 година и национална програма за контрола на загадувањето на воздухот за 2022-2032 година и за истото да ја извести Европската Комисија преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 1 март 2021 година.

20. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да обезбеди целосна операционализација на државната мониторинг мрежа за квалитет на воздухот, која ќе обезбедува податоци најдоцна во реално време и за истото да ја информира Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 1 март 2021 година.

21. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање да достави пишан материјал за подготовката на националниот план за адаптација на англиски јазик, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 22 јануари 2021 година.

22. Се задолжуваат Министерството за локална самоуправа, Министерството за финансии во соработка со Заедницата на единици на локална самоуправа, да подготват анализа за потребите за обуки на едниците на локална самоуправа за управување со локални финансии во текот на 2021 година, на англиски јазик и за истото да ја информираат Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 15 март 2021 година.

23. Се задолжува Министерството за економија да достави до Владата национален план за енергија и клима, усогласен со принципите и приоритетите од Зелениот договор, најдоцна до 30 јуни 2021 година.

24. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Националниот оператор на пазарот на електрична енергија да започне со подготовка на Предлог на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, во насока на успешно поврзување на пазарите на електрична енергија на Република Северна Македонија и Република Бугарија и за истото да ја информира Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 5 март 2021 година.

25. Се задолжува Министерството за економија да ги информира Секретаријатот на Енергетската заедница и Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, за донесување на Закон за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и МАКПЕТРОЛ АД Скопје, по пат на спогодба и динамика за иницирање на постапка за сопственичко раздвојување на операторот за пренос на гас, согласно Третиот енергетски пакет, седум дена по донесување на законот.

26. Се задолжува Министерството за економија целосно да ја транспонира Регулативата 347/2013 за транс-европска енергетска инфраструктура во Законот за

стратешки инвестиции во Република Северна Македонија (*) и Законот за енергетика (*) најдоцна до 31 март 2021 година.

27.Се задолжува Министерството за економија да започне со подготовка на петгодишна програма за имплементација на Енергетската стратегија и истата да ја достави до Владата, најдоцна до 31 март 2021 година.

28. Се задолжува Министерството за економија да иницира формална постапка за воспоставување на Фондот за енергетска ефикасност најдоцна до 31 март 2021 година.

29. Се задолжува Министерството за економија да достави до Владата Предлог на закон за биогорива, усогласен со Директивата за обновлива енергија 2018/2001/ЕУ, најдоцна до 30 јуни 2021 година.

30. Се укажува на Агенцијата за енергетика да воспостави систем на издавање, пренесување и поништување на гаранциите за потекло, најдоцна до 15 јануари 2021 година.

31. Се задолжува Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија да започне со активности за воспоставување на објект за складирање на радиоактивен отпад и да ја информира Владата во однос на напредокот најдоцна до 1 март 2021 година.

32. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви предлог закони и стратешка рамка усогласени со законодавството на Европската Унија за интелигентни транспортни системи и да ги достави до Владата, најдоцна до 1 декември 2021 година.

33.Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви Предлог на закон усогласен со законодавството на Европската Унија за комбиниран транспорт и да го достави до Владата, најдоцна до 31 март 2021 година.

34. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги зајакне контролите во патниот сообраќај над учесниците и моторните возила со цел намалување на сообраќајни незгоди со потешки последици и со писмена информација на англиски јазик да ја информира Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 1 март 2021 година.

35.Се укажува на Агенцијата за цивилно воздухопловство да се подготви за Оценска мисија во рамки на Заедничката европска воздухопловна област, во координација со Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 30 јуни 2021 година.

36. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје во соработка со Министерството за транспорт и врски и Министерството за внатрешни работи, да доставаат информација до Владата за спроведување на препораките од Извештаите на КОНЕКТА за одржување на железничката инфраструктура и патиштата, инспекции и ревизии од аспект на

безбедност на патиштата и интелигентни транспортни системи, најдоцна до 15 јануари 2021 година.

37.Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерство за финансии-Царинската управа, Агенцијата за храна и ветеринарство и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државен инспекторат за земјоделство и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Државен инспекторат за шумарство и ловство да ги финализираат протоколите за железнички граничен премин со Република Косово, најдоцна до 31 јануари 2021 година.

38. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави до Владата предлог на закони од областа на железниците усогласени со четвртиот пакет на законодавството на Европската унија, со кои ќе се овозможи постепено отворање на железничкиот пазар, најдоцна до 30 јуни 2021 година.

39. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да номинира копретседавач на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 1 јануари 2021 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 42

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот јули-септември 2020 година, со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за правда – Управа за извршување на санкции и Министерството за образование и наука, а им се укажува на центрите за социјална работа во рок од 5 дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на месеците јули, август и септември 2020 година, по кои сеуште не постапиле и за тоа во рок од 5 дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да праќаат известување до Народниот правобранител и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, извештаите односно табеларните прегледи за постапување по обраќањата и препораките на

Народниот правобранител за месеците октомври, ноември и декември 2020 година, да ги достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија до 15 јануари 2021 година, заедно со копија од одговорот на секоја претставка, доставен до подносителот на претставката и до Народниот правобранител.

## Точка 43

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2020 година, во предложениот текст .

Истовремено, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 44

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

Исто така, да се има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно во предложената Информација да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

## Точка 45

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 46

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за учество на Република Северна Македонија во Транснационална програма на Европската Унија, ЕУРО-МЕД 2021-2027 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се одобрува учество на Република Северна Македонија во Интеррег програмата ЕУРО-МЕД 2021-2027.

2. Се овластува м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа да ги потпише официјалните документи за прием на Република Северна Македонија во Интеррег програмата ЕУРО-МЕД 2021-2027.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да номинира членови во работната група за програмирање и имплементација на Интеррег програмата ЕУРО-МЕД 2021-2027 до Управувачкото тело „Регионот Алпите-Азурен брег“ (Provence Alpes-Côte-D'Azur Region), во рок од десет работни дена од денот на добивањето на покана за номинација на членови од страна на Управувачкото тело.
4. Се задолжува Министерството за локална самоуправа за преземените мерки за имплементација на активностите од Интеррег програмата ЕУРО-МЕД 2021-2027 да ја информира Владата во рок од една година од денот на потпишување на документите за прием на Република Северна Македонија во Интеррег програмата ЕУРО-МЕД 2021-2027.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за спојување на здравствени домови со општи болници во општините каде е потребно-Прилеп, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство врз основа на член 58 став 2 и 68 став 2 од Законот за здравствената заштита, до втората наредна седница да подготви и до Владата да достави одлука за спојување на ЈЗУ Здравствен дом Прилеп со ЈЗУ Општа болница Прилеп.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на имплементација на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за Интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции бр.17-461/14 од 16.5.2019 година и утврдување на обврските на јавните здравствени установи за целосна реализација на Договорот, со текст на Анекс бр.2 кон Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции бр. 17-461/39 од 17.12.2019 година и текст на Договор за користење на интегрирани услуги за стерилизација и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ги усвои Анекс бр.2 кон Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции бр.17-461/39 од 17.12.2019 година и Договорот за користење на интегрирани услуги за стерилизација кој треба да го склучат јавните здравствени установи и приватниот партнер.

2.Се укажува на управните одобри на јавните здравствени установи и тоа:

ЈЗУ УК за Пластична и реконструктивна хирургија
ЈЗУ УК за очни болести
Градска општа болница „8-ми Септември“
ЈЗУ УК по хируршки болести „Св.Наум Охридски“-Скопје
ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ
ЈЗУ Клиничка болница Битола
ЈЗУ УК за дигестивна хирургија
ЈЗУ УК за гинекологија и акушерство

ЈЗУ УК за уво, нос и грло
ЈЗУ УК за урологија
ЈЗУ Клиничка болница Штип
ЈЗУ УК за торакална и васкуларна хирургија
ЈЗУ УК за детски болести
ЈЗУ ОБ Струмица
ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“ - Охрид
ЈЗУ УК за максилофацијална хирургија
ЈЗУ ОБ Охрид
ЈЗУ ОБ Тетово
ЈЗУ ОБ Струга
ЈЗУ ОБ Куманово
ЈЗУ ОБ Гостивар
ЈЗУ ОБ за неурохирургија
ЈЗУ Специјална болница за генекологија и акушерство – Чаир
ЈЗУ ОБ Велес
ЈЗУ ОБ Кавадарци
ЈЗУ ОБ Кичево
ЈЗУ ОБ Прилеп
ЈЗУ ОБ Гевгелија
ЈЗУ УК за кардиологија
ЈЗУ ОБ Кочани
ЈЗУ за нефрологија – Струга

да донесат одлука врз основа на која ќе го потпишат посебниот договор со приватниот партнер.

3. Се задолжуваат директорите на јавните здравствени установи и тоа:

ЈЗУ УК за Пластична и реконструктивна хирургија
ЈЗУ УК за очни болести
Градска општа болница „8 ми Септември“
ЈЗУ УК по хируршки болести „Св.Наум Охридски“-Скопје
ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ
ЈЗУ Клиничка болница Битола
ЈЗУ УК за дигестивна хирургија
ЈЗУ УК за гинекологија и акушерство
ЈЗУ УК за уво, нос и грло
ЈЗУ УК за урологија
ЈЗУ Клиничка болница Штип
ЈЗУ УК за торакална и васкуларна хирургија
ЈЗУ УК за детски болести
ЈЗУ ОБ Струмица
ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“ - Охрид
ЈЗУ УК за максилофацијална хирургија
ЈЗУ ОБ Охрид
ЈЗУ ОБ Тетово
ЈЗУ ОБ Струга
ЈЗУ ОБ Куманово
ЈЗУ ОБ Гостивар
ЈЗУ ОБ за неурохирургија

ЈЗУ Специјална болница за генекологија и акушерство – Чаир
ЈЗУ ОБ Велес
ЈЗУ ОБ Кавадарци
ЈЗУ ОБ Кичево
ЈЗУ ОБ Прилеп
ЈЗУ ОБ Гевгелија
ЈЗУ УК за кардиологија
ЈЗУ ОБ Кочани
ЈЗУ за нефрологија – Струга

по донесување на одлуката на Управниот одбор, да го потпишат посебниот договор со приватниот партнер.

4. Се задолжува Министерството за здравство да го потпише Анекс бр.2 кон основниот Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за Интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции бр.17-461/14 од 16.5.2019 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 49</u>**

Владата го донесе новиот текст на Решението за назначување на претседател, заменик-претседател, членови, заменици-членови и секретари на Координативното тело за изготвување и следење на имплементација на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 50</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност, поднесен од група пратеници и дава позитивно мислење по истиот.

Истовремено, се укажува дека е направена техничка грешка во Образложението на Предлогот на закон за дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност, каде се кажува која одредба од Законот се дополнува, односно, како одредба која се дополнува треба да стои одредбата од членот 45, а не одредбата од членот 45-ѓ.

**<u>Точка 51</u>**

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 52

**1.** Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за отворање на посебна наменска сметка, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи:

1) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, средствата за исплата на финансиската поддршка за лицата кои не ги ажурирале податоците до законски предвидениот рок и за лицата чии што приговори се одобрени, согласно Законот за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници, да ги префрли на посебната наменска сметка формирана, согласно Одлуката за отворање на посебна наменска сметка бр.44-11504/2 од 7 декември 2020 година.

2) Се задолжува Министерството за финансии да достави Предлог на закон за изменување на Законот за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници, заради ажурирање и исплата на финансиската поддршка.

**2.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување, што е доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо под број 45-9377/1-19 од 21 јануари 2020 година.

**3.** По повод силниот земјотрес кој на 29 декември 2020 година ја погоди Република Хрватска, Владата со цел давање на соодветна помош ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави Предлог- одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во износ од 6.000.000,00 денари, наменети за доделување на помош за настраданите од земјотресот кој ја зафати Република Хрватска, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за надворешни работи да преземе активности во насока на итно префрлање на одобрените средства како и да оствари контакт со Амбасадата на Република Хрватска со цел операционализирање на Одлуката за одобрување на средства.

**4.** Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да достави анализа за спроведувањето на проектот во врска со јавниот повик за субвенционирање на граѓаните за набавка и монтажа на инвертер клима уреди за 2020 година за Град Скопје и Општина Кичево.

**5.** Владата на Република Северна Македонија по повод одбележувањето на годишнината од смртта на поранешниот Претседателот на Република Северна Македонија Киро Глигоров, ги донесе следниве заклучоци:

1) Владината делегација во состав: министерот за правда, м-р Бојан Маричиќ, министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими и министерот за образование и наука, Мила Царовска на 1 јануари 2021 година во 11:00 часот на градските гробишта Бутел да положи венец од свежо цвеќе на вечното почивалиште на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија Киро Глигоров.
2) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија, сценариото да го достави до сите претставници во владината делегација и да организира медиумско известување.

3) Се задолжува Одделението за протокол при Владата на Република Северна Македонија да направи организациски подготовки за протоколарните делови од настанот вклучувајќи и венец за положување.

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди венец од свежо цвеќе.

5) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на годишнината од смртта поранешниот Претседателот на Република Северна Македонија, Киро Глигоров.

6) Се укажува на „Гробишта Бутел" - АД Скопје да го уредат просторот околу вечното почивалиште на поранешниот Претседателот на Република Северна Македонија, Киро Глигоров.

**6.** Владата заклучи да се измени Заклучокот под реден број 1, од точка 54, Прашања и предлози од Нацрт – записникот од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 декември 2020 година, по Информацијата за одржување на првата заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово, во насока првата заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово, наместо на 25 јануари 2021 година, да се одржи по завршување на изборниот процес и формирањето на новата Влада на Република Косово.

**7.** Владата го разгледа Известувањето за потреба од промена на владин претставник (член) во Работна група за следење на постапување по барањата, претставките и предлозите до органите на државната управа преку проверка и прибирање на факти и докази и го усвои Известувањето со следниот заклучок:

- за претставник на Владата на Република Северна Македонија во Работната група за следење на постапување по барањата, претставките и предлозите до органите на државната управа преку проверка и прибирање на факти и докази се назначува Аксел Ахмедовски – советник на претседателот на Владата, за решавање на правни

прашања, на местото на Тања Чачарова-Илиевска – советник за правда на претседателот на Владата.

**8.** Владата ги разгледа известувањата од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Град Скопје, подготвени по укажување од Седумнаесеттата седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, одржана на 21 декември 2020 година, во врска со недоискористените средства доделени на општини за субвенционирање на набавка на висококвалитетни инвертер клими, како материјали за информирање.

**9.** Владата го одложи разгледувањето на Барањето од Главниот одбор на Сојузот на борците од НОАВМ 1941-1945 и граѓаните продолжувачи за обезбедување и доделување на опремени простории и опрема за комуникација и работа во централниот дел на Скопје а со лесен пристап за ангажираните и членството од градот и Републиката за наредната седница на Владата.

**10.** Владата, во врска со член 29 од Законот за иновациска дејност заклучи:

- За претседател, секретар и членови на Комисијата за оценка и предлог-кандидати за избор на членови на Комитетот за одобрување на инвестиции при Фондот за иновации и технолошки развој да ги именува:

1) Нина Фити Неделковска од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија – претседател

2) Дане Јосифовски од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции - секретар

3) Марина Арсова од Министерството за економија-член

4) Теди Цоневски од Стопанска комора на информатички и комуникациски технологии-МАСИТ-член

5) Арбен Халили од Стопанска комора на Северо- Западна Македонија -член.

**11.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 19 декември 2020 година до 25 декември 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 53

Владата ги разгледа Информацијата за финансиските резултати и извештаи за Тутунски комбинат АД Прилеп за временски период од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година, од 1 јануари 2020 до 30 јуни 2020 година, од 1 јануари 2020 година до 30 септември 2020 година и очекувани финансиски резултати за деловната 2020 година, Информација за реализација на откуп и продажба на тутун од реколта 2019 година, Информација за план за реализација на откуп на тутун од реколта 2020 година и План за откуп на тутун од реколта 2021 година и Извештај за работењето на Погон Цигари - Тутунски комбинат АД Прилеп во период јануари - октомври 2020 година, како материјали за информирање.

Исто така, да се има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за економија компанијата во наредниот период да го намали ризикот кој произлегува од начинот на кредитирање на откупот на тутун од тутунопроизводителите, како и натамошно намалување на трошоците и модернизација на производството).

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 54

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на АД „МИА“ - Скопје, за периодот од 1 јули 2020 година до 30 септември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 55

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на АД „МИА“-Скопје, за периодот од 1 април 2020-30 јуни 2020 година како материјал за информирање.

Истовремено, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 56

Владата го разгледа Финансискиот извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за периодот од 1 април 2020 година до 30 јуни 2020 година, со табеларен приказ, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 57**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за период од 1 јули 2020 година до 30 септември 2020 година, како материјал за информирање.

Исто така, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија со укажување дека е потребно во предложениот Извештај да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата со акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година во ЈЗУ Клиника за неврохирургија – Скопје, како материјал за информирање.

Исто така, да се има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно во предложената Информација да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за ноември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за правда за децата во постапувањето на овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 61**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведени јавни повици за издавање грантови за центри за странски јазици и едукативни центри за деца, со предлог – одлуки и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (за едукативни центри за деца), во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (за центри за странски јазици), во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата го разгледа Барањето на Цристопхер Хенсхавв за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид позитивното мислење на Министерството за надворешни работи.

**Точка 67**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници во основните училишта кои можат да се стекнат со звања наставник-ментор за секоја општина и општина во Градот Скопје, за фискалната 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Државниот студентски дом „Никола Карев“ - Охрид, со заклучок предлагачот текстот на Одлуката да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Државниот студентски дом „Никола Карев“ - Охрид.

**Точка 69**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година, со Ревидиран оперативен план, ја усвои Информацијата и го прифати Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори поради потребата од именување на арбитер во ад хок арбитражната постапка поведена од Gokul das Binani и Madhu Binani против Република Северна Македонија, на ден 3.11.2020 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. За арбитер во ад хок арбитражната постапка поведена од Gokul das Binani и Madhu Binani против Република Северна Македонија, на ден 3.11.2020 година, се именува професорката Бригит Стерн (Brigitte Stern) од Франција.

2. Се овластува генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, во име на Владата на Република Северна Македонија веднаш, но не подоцна од 30.12.2020 година да испрати писмо со кое ќе ги извести тужителите за именувањето на професорката Бригит Стерн (Brigitte Stern) за арбитер.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за извршени градежни работи од Договорот за Јавно приватно партнерство бр.03-68/22 од 5.4.2013 година, со ОДУ бр.69/13 од 5.4.2013 година, согласно Анализата од извршен пресек бр.11-1647/4 од 30.12.2019 година, со текст на Нацрт-сертификат и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го одобри текстот на Нацрт - сертификатот за извршени градежни работи по Договор за јавно приватно партнерство бр.03-68/22 од 5.4.2013 година.

2.Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да го издаде Сертификатот за извршени градежни работи по Договор за јавно приватно партнерство бр. 03-68/22 од 5.4.2013 година.

3. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во соработка со Министерството за економија и Советот за јавно приватно партнерство, да извршат анализа на состојбата на Договорот за Јавно приватно партнерство бр. 03-68/22 од 5.4.2013 година, со ОДУ бр. 69/13 од 5.4.2013 година, од аспект на негова идна реализација и за истото да ја информира Владата на Република Северна Македонија, во рок од 60 дена.

<u>Точка 73</u>

Владата ја разгледа Информацијата за решавање на проблемот на исплата на додатокот на степенот на кариера на административни службеници при унапредување и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии во рок од еден месец до Владата да достави соодветен предлог за трајно решавање на проблемот со исплатата на степен на кариера за унапредени административни службеници.

<u>Точка 74</u>

Владата ја разгледа Информацијата за вториот годишен извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година, со текст на Годишен извештај, како материјал за информирање.

<u>Точка 75</u>

Владата ја разгледа Информацијата за прераспределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за развој на ТИРЗ Гевгелија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлука за прераспределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, за развој на ТИРЗ Гевгелија, во предложениот текст.

<u>Точка 76</u>

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со предлог заклучоци во насока на зачувување на работни места во индустриските зони и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Државниот инспекторат за труд да го усогласи инспекцискиот надзор и инспекциските работи од областа на работното законодавство согласно соопштението на Владата на Република Северна Македонија за надоместок на плата на работниците, за време на принуден одмор и отсуство од работа поради виша сила од 14.4.2020 година.

2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, по претходно доставени информации од компаниите во ТИРЗ, да достави информација до Државниот инспекторат за труд за бројот на работници, по компании, за кои во 2020 година компаниите ја користеле законската можност од член 112, став 7 од Законот за работните односи.

3. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во рок од 90 дена, да достави информација до Владата за направените анализи за исполнетост на условите за креирање на работни места по договорите за државна помош за компаниите во ТИРЗ, со предлог на следни чекори што треба да се преземат, вклучително и евентуална измена на договорите, согласно изменетите услови предизвикани од COVID-19.

4. Се задолжува Министерството за правда да направи анализа на настанатата ситуација во услови на пандемијата Ковид-19 и нејзиното влијание во делот на организирање и спроведување на работните процеси во сите сфери на стопанисување на државата и согласно тоа да премине кон утврдување на третманот на пандемијата во македонското законодавство, а со тоа и посеопфатно прецизирање на „виша сила“.

**Точка 77**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2020 година, со заклучок текстот на Програмата да се усогласи со Секретаријат за законодавство.

Истовремено, да се има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно во предложената Информација да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 78**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2020 година, со заклучок, текстот на Програмата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за финансиска поддршка на самостојни уметници и ја донесе Одлуката за финансиска поддршка на самостојни уметници со заклучок членот 1 од истата да се дополни дека финансиската поддршка ќе биде во вкупен износ не поголем од 6.050.000 денари.

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:30 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Мухамед Зеќири**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**